Д Р Ж А В Е Н   П Р О С В Е Т Е Н   И Н С П Е К Т О Р А Т

# КОНЕЧЕН  И З В Е Ш Т А Ј

од извршената интегрална евалуација во Средното училиште на Град Скопје
„АСУЦ Боро Петрушевски“ - Скопје

Скопје, јули / 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен просветен инспекторат
Дел. број: 09-327/3 од 24.07.2024 година

# АСУЦ „БОРО ПЕТРУШЕВСКИ “- Скопје

| ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНАТА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 11.03.2024 година до 13.03.2024 година |
| **Број на извештај:** | 8/скопски / 2024 |
| **Раководител на инспекцискиот тим:** | Сенад Сулејмани |
| **Вид на училиште:** | средно стручно |
| **Подрачни училишта:** | нема |
| **Основач на училиштето:** | Совет на Град Скопје |
| **Наставен јазик:** | македонски наставен јазик и<br>албански наставен јазик |
| **Вкупен број на ученици:** | 630 ученици |
| **Полова структура на ученици:** | 569 - машки и 61 - женски |
| **Број на наставници:** | 67 наставници |
| **Претседател на Училишниот одбор:** | Светлана Димитриевска |
| **Директор на училиштето:** | Александар Стрезов |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 29.10.2018 година до 31.10.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Бул. „Алекснадар Македонски“ број 26 |
| **Телефон на училиштето:** | 02 / 3-115-819 |
| **Факс на училиштето:** | 02 / 3-172-450 |
| **E-mail адреса:** | info@asuc.edu.mk |
| **Оценка од интегрална евалуација:** | Доволен (2.48) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл.весник на РМ“ број 86/2006

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат, тим од тројца државни просветни инспектори во период од 11 до 13 март 2024 година спроведоа интегрална евалуација во АСУЦ„Боро Петрушевски„-Скопје.

За време на инспекцискиот надзор, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состанок/ци со директорот на училиштето, стручните соработници, Училишниот одбор и Советот на родители, разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи, членови на тим во изготвување на Самоевалуацијата за работа на училиштето и ученичката заедница.

Од целокупната евиденција и документација, која беше приложена и разгледана за време на инспекцискиот надзор, разговорот со различните фокус групи, одржани состаноци со училишните органи и тела, посетата на наставни часови, анализа од доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родителите, како и од увидот во донесените и изготвените списи од извршеното самооценување, а во однос на седумте подрачја, тимот од Државните просветни инспектори, констатираше дека севкупното работење на училиштето се оценува со **доволен (2.48).**

Во училиштето се реализират наставните планови и програми за стручно тригодишно и четиригодишно образование за следниве 8 (осум) образовни профили/квалификации односно 3 (три) струки/сектор:

- Сообраќајна/Сообраќај, транспорт и складирање со 2 (два) образовни профили:
  - Техничар за патен сообраќај - модуларно (четиригодишно стручно образование);
  - Техничар за транспорт и шпедиција - модуларно (четиригодишно стручно образование);
- Машинска/Машинство со 5 (пет) образовни профили:
  - Машински техничар за моторни возила (четиригодишно стручно образование);
  - Техничар за возила на алтернативен погон (четиригодишно стручно образование – дуално образование)
  - Автомеханичар – реформиран 2017 (тригодишно стручно образование);
  - Каросериски механичар – реформиран 2017 (тригодишно стручно образование);
  - Монтер на мотори и моторни возила (тригодишно стручно образование– дуално образование);
- Електротехничка со 1 (еден) образовен профил:
  - Автоелектроничар – реформиран 2017 (тригодишно стручно образование).

За реализација на наставен план и програми за 2 профили/квалификации од машинска/машинство и за 2 профили/квалификации од сообраќајна струка (четиригодишно стручно образование) училиштето не приложи Решение за верификација.

По пат на вонредно школување, односно самофинансирање, се образуваат кадри со тригодишно и четиригодишно стручно образование за сите струки што се застапени и во редовното образование, како и специјалистичко образование:

- Сообраќајна струка за возач инструктор – специјалист и патно-сообраќаен оператор – специјалист
- Машинска струка за контролор во станица за технички преглед, автомеханичар – специјалист и автолимар – специјалист.

За реализација на наставен план и програми за профилите и струките за специјалистичко образование, училиштето има добиено Решение за верификација.

Училиштето нуди можност за стекнување образование за возрасни:

- специјализации од областа на патниот сообраќај и одржувањето на моторните возила;
- обуки и курсеви за стекнување компетенции и лиценци за вршење на дејноста во областа на патниот сообраќај и одржувањето на моторните возила.

Покрај образовната, училиштето остварува и споредни дејности и тоа:

- Технички преглед и регистрација на моторни возила;
- Техничка служба за испитување моторни возила - хомологација;
- Автошкола за обуки од Б-категорија;
- Сервисирање и други поправки на моторни возила;
- Хемиско чистење на моторни возила;
- Вршење проценка на ризик на работно место и обуки за безбедност и здравје при работа;
- Автодром;

- Осигурително брокерско друштво „АСУЦ Брокер АД“.

Училиштето недоволно планира и реализира воннаставни и вонучилишни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Училиштето во 2014 година има регистриран училишен спортски клуб со назив УСК „АСУЦ Скопје“. Клубот не е активен.

Практичната настава – практична обука е застапена во сите образовни профили/квалификации, се реализира од I до IV година. Неделната застапеност на часовите согласно наставен план зависно од образовниот профил во прва година е 7/252, во втора година е 14/504, во трета година е 15-495 и 16/461. Практичната настава се организира во училишни кабинети за мотори, мехатроника и електроника и работилници опремени со материјали и опрема за практична настава и во компании.

Учење преку работа кај работодавач зависно од профилот согласно наставниот план се изведува во училиштето и во приватни компании со неделна застапеност на часови во трета година 4/144 и во четврта година 6/198. За реализација на практичната обука во текот на учебната 2023/24 година, училиштето има склучено 43 меморандуми со компании, здруженија, високо-образовни установи, друштва, заенечиска комора... )

Работата во училиштето и наставниот процес се реализира согласно наставните планови и програми, Годишната програма на училиштето, планирањата на наставниците, распоредот на часови по наставните предмети (редовни и изборни), распоред за слободни часови и распоред за дополнителна и додатна настава.

Поддршката и следењето на планирањата на наставниците од страна на раководната и стручната служба е добра. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на 3(три) стручни активи, како и со помошниците директори на училиштето. Во наставниот процес мал број од наставниците користат разновидни наставни форми, техники и методи на работа, кои се соодветни на потребите на учениците.Употребата на ИКТ во наставата кај поголем број наставници е делумна. Поголем број наставници вршат избор на задачи и ресурси за реализација на наставните содржини, со цел да ги постигнат целите и задачите. Интеракцијата помеѓу наставник - ученик и ученик - ученик е добра. Наставниците настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учењето.

Училиштето го следи целокупниот воспитно - образовен процес, постигањата и психо-физичкиот развој на учениците. Училиштето ги идентификува учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни поредби (со и без наод и мислење – инклузирани во воспитно - образовниот процес) и превзема мерки и активности за стекнување на знаења, умеења и вештини. Во училиштето има 29 ученици со посебни образовни потреби од нив со наод се и мислење се 12 и без наод и мислење се 17 ученика, со коишто работат стручниот соработник дефектолог и 1 лице за ученик со оштетен слух, во училиштето има и 5 талентирани ученика. За работа со учениците со посебни потреби пред спроведување на интегралната евалуација со Одлука со дел. број 02-219/2 од 29.09.2023 година. формиран е инклузивен тим, но не се формирани и инклузивни подтимови Училиштето нема изработено Програма за работа со ученици со посебни образовни, како и Протокол за активности за инклузија. Сите наставниците и стручните соработници немаат посетено обука за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Од податоците во однос на постигања на учениците во последните три учебни години може да се оцени дека се континуирано добри. Средниот успех на учениците во училиштето во последните три учебни години е добар (2.61). Редовноста на учениците е делумно задоволува. За постигнување на добри резултати училиштето има изготвено распоред за додатна и дополнителна настава. Реализирацијата на додатна и дополнителна настава од страна на наставници делумно задоволува.

Родителите се известуваат за напредокот на учениците преку индивидални средби, родителски состаноци и е-дневник.

Училишниот простор е безбеден за настава.Училиштето нема изведено симулација во случај на елементарни непогоди, нема стручни предавања за заштита од физички повреди и насилство, како и обука за наставниот кадар за спрвување со насилство. Училиштето води грижа за здравјето на учениците, има пакет на прва помош и обучен кадар за давање прва помош на учениците и вработените при несреќни случаи.

Наставниците и стручната служба за учениците од социјално загрозени семејства се грижат и даваат поддршка. Стручната служба води евиденција и прави компаративна и споредбена анализа за постигнувањата на учениците, има Центар за кариера и превзема активности да ги насочи учениците при изборот на нивното понатамошно образование и вработување.Училиштето има програма за професионална ориентација на учениците и кариерното советување го врши стручната служба.

Училиштето за правилно однесување на сите структури во училиштето и организација на работата во училиштето во состав на Годишната програма за работа на училиштето има донесено Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на наставниците и Куќен ред на училиштето.

Дисциплината е добра, а поведиието на учениците е добро За учениците и родителите со несоодветно однесување, отсуство од настава и намален успех спроведени се советувања и изречени се педагошки мерки.

Училиштето делумно организира активности за промовирање на мултикултурализмот, еднаквост и правичност, почитивајќи ги правата на децата. Училиштето од учебната 2018/2019 година на ниво на училиште има активности за МИО и граѓанска вклученост. Пред спроведување на интегралната евалуација со Решение бр.02-309/4 од 5.03.2024 година има формирано тим за МИО од 11 члена, нема партнер училиште, активности организра со учениците од училиштето. За реализрање на активности обука посетиле 30 наставника.

Училиштето има формирано училишна заедница, но истата не е активна во носење на одлуки.

Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи во училиштето, соработката со локалната средина и невладиниот сектор е добра.

Хигиената во училиштето е добра.

Просторните услови и искористеноста на просторните капацитети училници, кабинети, работилници, фискултурна сала) се многу добри. Опременоста со нагледни средства и наставно - образовни помагала за наставата по наставните предмети е добра. Училиштето континуирано не превзема мерки за професионален развој на наставниците, на организирани обуки и семинари учествуваат исти наставници. Раководниот орган во соработка со органот за управување, училишниот буџет добро го планира за активности во функција на воспитно-образовната работа.

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор којшто е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор не е дефинирана со Деловник за работа и истиот не работи транспарентно и отчетно. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и останатите училишни тела и органи.

Со училиштето раководи в.д.директор, именуван од редот на вработените. Раководниот орган на училиштето работи согласно изготвената Програма за работа. Директорот на училиштето има превземено активности кои значително ќе придонесат за повисоки постигања на учениците и добра климата за работа. Приоритети на директорот на училиштето се:

- професионално и кариерно усовршување на наставниот кадар и стручните соработници;
- поголемо учество на родителите и учениците во носење одлуки

Работата на училиштето е уредена со Статутот на училиштето со дел. број 01-875/2 од 6.10.2020 година, за што е добиена писмена согласност од Министерството за образование и наука со Решение со дел. број УП118-1799 од 15.10.2020 година.

Училиштето има извршено и изготвена Самоевалуација за работа на училиштето со дел. број 01-1247/1 од 14.10.2022 година за период од две години 2020-2022 година. Исто така, училиштето има донесено и Програма за развој на училиштето за период од четири години 2022 - 2026 година со дел. број 01-1287/1 од 26.10.2022 година. Во Програмата за развој на училиштето, не се земени во предвид се резултатите од спроведената самоевалуација и извештајпт од претходно спроведената интегрална евалуација.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со дел. број 01-1233/1 од 31.08.2023 година, усвоена од страна на Училишниот одбор и донесена од страна на основачот,Советот на Град Скопје со акт со дел. број 27-9915/4 од 28.09.2023 година. Во Годишната програма за работа на училиштето опфатени се сите сегменти, програми и планови за целокупната организација и реализација на воспитно - образовната работа во училиштето.

# Карактеристики на училиштето

АСУЦ „Боро Петрушевски„ се наоѓа во н.Автокоманда, Булевар „Александар Македонски“ бр. 26 - општина Гази Баба ,Скопје.

Училиштето е основано со уредбата бр.9115 од 17.09.1947 година на Владата на Народна Република Македонија. АСУЦ „Боро Петрушевски„ е првото стручно сообраќајно училиште во Републиката. Во училиштето се образуваат ученици од Скопје,од околните села и од други градови од Републиката, верификација на дејноста од 1964 година. Носител на основачките права е Град Скопје. Училиштето има својство на правно лице и регистирано во Централн регистар.

Училиштето е тврда градба изградено 1947 година. Училиштето работи во два објекти: зграда за теоретска настава – 5.550 m2 на два ката, зграда за практична настава со работилници и кабинети – 1.300 m2 со двор 1.1790,50 m2, згради за дополнителни дејности - 643,73 m2 , спортска сала - 1.000 m2 , полигон - 30.000 m2 , автоплац за стари возила - 880 m2 и зелена површина – 5.000 m2.

Основна дејност на училиштето е образование на кадри од сообраќајната, машинската и електротехничката струка, по пат на редовно и на вонредно школување. Исто така, Училиштето нуди можност на лица со оформено образование да се образуваат, следат обуки и курсеви за стекнување компетенции и лиценци за вршење на дејноста во областа на патниот сообраќај и одржувањето на моторните возила. Покрај образовната училиштето остварува и 8 (осум) споредни дејности. По пат на вонредно школување се образуваат кадри за сите струки што се застапени и во редовното образование, како и специјалистичко образование во две струки.

Во училиштето се реализираат наставен план и наставни програми за тригодишно и четиригодишно образование. Во учебната 2023/2024 година запишани се , односно настава следат 630 ученици (384 на македонски наставен јазик и 246 на албански наставен јазик), распоредени во 42 паралелка од кои 24 паралелки на македонски наставен јазик и 18 паралелки на албански наставен јазик Според пол 569 ученика се машки и 61 женски.

За извршување на работата, реализирање на воспитно-обраовната работа и дополнителните дејности училиштето кадровски е целосно екипирано, односно обезбеден е наставен и административно-технички персонал, односно вработени се 121 лице од нив: 67 наставника, 6 стручни соработници ( педагог, психолог, социолог, дефектолог и 2 наставника со пола работно време во библиотека), 29 административно-технички персонал, 17 помошно-техничка служба и 3 директор, помошник директор за настава, помошник директор за обука, истражувањ е и развој. Наставата ја реализираат вкупно 67 наставника, од нив 3 наставника се со несоодветно образование вработени по пат на јавен оглас. Според образовниот профил 61 наставник е со високо образование. На неопределено работно време се 60 наставника и 7 наставника се на одределено работно време од нив 1 наставник е наставник - приправник. Според полот 24 се жени и 43 се машки, според етничката припадност 35 македонци, 31 албанци и 1 турцин. Од други училишта во училиштето настава реализираат вкупно 6 наставника, од наставниците вработени во училиштето во друго училиште настава реализира 1 наставник.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик и на албански наставен јазик во две смени од 7.30 до 13.20 и од 13.30 до 19.10.

Воспино-образовна работа во зградата за теоретска настава се изведува во 19 училници, 5 специјализирани кабинети, 2 кабинети по информатика и 1 библиотека со читална, во зграда за практична настава се изведува во 4 одделенија (автолимарско одделение, автолакерско одделение со комора, автоелектроничарско одделение и автомеханичарско одделение) и 2 кабинета (кабинет по мотори и

кабинет за автоелектроника по ГТЗ), фискултурна сала, нема надворешен спортски терен. Училиштето има простории за административно помошно-технички персонал, магацин, просторија за директор и помошник директор, секретар, наставници, стручна служба. Во училишниот простор има и полигон и згради за дополнителни дејности (станица за технички преглед, техничка служба БЗР – безбедност и здравје при работа, автошкола, автосервис и автоперална, канцеларии за одговорни лица). Работилниците, кабинетите и училиниците се опремени со наставни и нагледни средства како и опрема.

Училишниот простор е делумно е заграден. Училиштето се загрева со парно греење.

# 1. Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Во училиштето се применуваат наставни планови и програми по предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука за тригодишно и четиригодишно стручно образование. Наставниот план и програма (задолжителни и изборни предмети) се реализираат во пропишаниот обем.

Содржините во најголем број наставни програми не овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.

Училиштето нема воспоставено процедури да користи различни начини и средства (информатор, веб страна) да ги информира учениците и родителите како и сите други што бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат.

За поддршка на учениците со посебни образовни потреби формиран е инклузивен тим.Тимот изготвил програма за работа, но нема формирано потимови и изготвен ИОП за секој ученик. и за секој ученик. Со учениците со посебни образовни потреби од страна на наставниците не се работи според ИОП. Со учениците со посебни образовни потреби работи дефектолог и психолог. Наставниците не посетувале обука за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето нуди изборни предмети, според наставниот план. Постапката за определување на изборни предмети не се применува во целост, доследно не се почитуваат потребите и барањата на учениците. Избор се врши со спроведување на анкети со учениците со насочување кој предмет да го изберат.

Училиштето реализира проширена програма почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. За реализација на проширена програма училиштето изготвило Програма и распоред на дежурни наставници.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето на наставнички совет, совет на родители и училиштен одбор не планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност. Има мал број примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество.

Училиштето делумно има разработени насоки за интегрирање на меѓупредметните цели во сите програми за работа што ги реализираат.

Училиштето писмено до надлежен орган не покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми.

## 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира вонnаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на помал број ученици и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.

За проширување на знаењата од повеќе области:развивање на здрави навики и спортување, развивање на логика и логичко размислување, потикнување на дружељубивост учениците согласно своите знаења, умеења и вештини се вклучени во 6 секции и 7 клубови и ученички организации. При вклучување на учениците во активностите не постои родова, етничка и социјална рамноправност. Учениците немаат клучна улога во подготвувањето на Програмите за работа за реализација на вонnаставни активности.

Училиштето учествува на манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Во последните три учебни години училиштето освоило 77 награди од кои :

- 13 награда на општинско ниво (4 прво место, 5 второ место и 4 трето место)
- 5 награди на регионално ниво (5 прво место)
- 10 награди на државно ниво (7 прво место,2 второ место и 1 трето место)
- 1 награда на меѓународно ниво (1 прво место).

Училиштето се стекнало со медали, пехари, дипломи, благодарници и пофалници.

Училиштето во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието е вкучено од учебната 2018-2019 година. Училиштето нема партнер училиште, реализра активности со учениците од училиштето.

Училиштето има формирано УСК„АСУЦ Скопје“ но истиот не е активен.

Училиштето за афирмирање на вонnаставните активности користи социјални мрежии .

# 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигнувања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците по сите наставни предмети, за сите сите профили и презема активности за нивно подобрување. Училиштето не прибира податоци за успехот на учениците по социјален стаус и етничка припадност. Изготвува споредбедни анализи за постигањата на учениците на тримесечие, полугодие и на крај на учебната година. Среден успех на училишно ниво последните три учебни години е добар (2.61). Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол – 3,37, по националност подобар успех имаат учениците кои следат настава на македонски наставен јазик – 3,75 и на албански наставен јазик – 2,85, успехот по струки е добар. Успехот на учениците од социјално загрозени семејстава е доволен.

Учениците се оцените и по поведение.

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба.

Во училиштето индетификувани се 29 ученици со посебни образовни потреби од нив со наод се и мислење се 12 и без наод и мислење се 17 ученика, 1 ученик со оштетен слух и 5 талентирани ученика. Стручните соработници и директорот во соработка со наставникот даваат поддршка на ученицитете кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот избирајќи приод и активности соодветни на нивните можности и потреби и континуирано го следат нивниот напредок.

Мал број наставници планираат дополнителни и соодветни активности според можности и потребите на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот. Реализирањето на дополнителна настава и додатна настава не се реализира согласно распоредот.

Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците.Од споредбените анализи се констатира дека нема значајни отстапувања во успехот од еден до друг образовен период, разликата се движи од 2,0.

## 2.2 Задржување/ осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од државата, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и ги известува надлежните институции.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите, локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број на изостаноци е 45 по ученик, од кои 52 изостанока по ученик се оправдани и 18 изостанок по ученик е неоправдан.

Училиштето реализира советувањата на родителите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците од советувањето. Во последните три учебни години спроведени се вкупно 459 советувања од нив 119 со родителите и 340 со учениците.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно-

образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Бројот на ученици кои во текот на учебната година преминуваат од едно во друго училиште е од 33 до 72 ученика, а бројот на ученици од друго училиште е од 26 до 90 ученика.

.

### 2.3 Повторување на учениците

Сите ученици не ја завршуваат годината и образованието. Во последните три учебни години повторувале вкупно 33 ученика.

Училиштето не ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување и наградување и со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот на учебната година.

## 3. Учење и настава

### 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето нема пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата. Од страна на стручните соработници не се води писмена евиденција за доставени планирања и не е извршен увид во истите.

Сите наставници изготвуваат планирање за редовната настава, а мал број наставници имаат планирање слободни часови и за додатната, дополнителната настава. Најголем број наставници имаат годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час. Дел од наставниците користат планирања од минатите учебни години неземајќи го предвид составот на учениците и целите, а дел од наставниците не водат иста евиденцијата за планираните и реализираните наставни содржини/ единици. Кај најголем број наставници планирањата не ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.

Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието недоволно им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од меѓуетничка интеграција во планирањата на наставниците. Инклузивниот тим обезбедува не дава поддршка за изработка на ИОП. Мал број наставници имаат планирани активности за реализација на содржини од меѓуетничка интеграција, екологија, здравје и општо корисна работа.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување не се јасно утврдени во планирањата кај најголем број наставници. Мал број од наставницие ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Наставниците планираат во рамки на 3 (три) стручни активи, користат стручни искуства од обуки, делумно од регионална соработка со други училишта и меѓународни искуства.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план при што се почитува најдобриот интерес на детето. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава но истиот не се реализира според предвидената динамика. Училиштето има изготвено и распоред за ѕвонење.

## 3.2 Наставен процес

Помал број од наставниците користат наставни форми, методи и техники за работа што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците.

Од информатичко – комјутерска технологија училиштето располага со 14 - ЛЦД проектори, лап топ комјутери, 49 комјутери од нив 30 во три кабинети за техничко цртање, 10 смарт табли. Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ. Помал број наставници во планирањата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини. Употребата на ИКТ во наставата не е согласно предвидената динамика во Годишните планирања. Училиштето нема систем за следење на примената на ИКТ во наставата.

Изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) од страна на поголем број наставници не се приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наголем број од наставниците ги користат расположливите ресурси (нагледни средства) . Од страна на помал број наставници на учениците им овозможува да работат според сопствените можности.

Поучувањето кај поголем број наставници е јасно и разбирливо, наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата.

Најголем број наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка, разбирање и доверба.

Училиштето нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, секој наставник двапати во едно полугодие на час не се посетува од страна

на директорот или од стручните соработници. Практика на размена на искуства со колеги од училиштето преку нагледен час нема.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Поголем број ученици го доживуваат училиштето како стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците се чуствуваат безбедни во работилница и во спортската сала.

Најголем број учениците сметаат дека начинот на кој се учи, а посебно практичната настава – практична обуба и учење преку работа кај работодавач во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество, како и работно оспособување. За време на часот, најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците кај поголем број наставници имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење од страна на поголем број наставници не се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците не се потикнуваат да иницираат и спроведуваат активности со одговорности во училиштето и во локалната средина.

Учениците сметаат дека училиштето добро ги поттикнува и мотивира за соработка меѓу учениците, негување интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата. Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број наставници во соработка со стручните соработници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците Училиштето нема дефинирана политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Училиштето на ниво на стручни активи нема усогласени критериуми, стандард и инструмент за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени. Сите наставници не изготвуваат и користат критериуми со утврдени стандарди за оценување на учениците според образовните потреби.

Поголем број наставници користат методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Мал број наставници учениците ги вклучува во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување.

Наставниците не целосно ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Мал број наставници редовно не им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, не дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата.

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите се известуваат за напредокот на учениците преку индивидални средби, родителски состаноци и е-дневник.

Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, како и пишани извештаи (евидентен лист) и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите не се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, со цел да се преземаат соодветни активности согласно со гледиштата на родителите во однос на постигнувањата и напредокот на нивните деца.

# 4 Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Учениците не се чуствуваат безбедни надвор од училиштето, нема одбележен пешачки премин или поставен успорувач на брзина, занк за деца на патот. Инфраструктурата (внатрешна) во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат се обезбедени и учениците се свесни за нивното присуство и се информирани за можните опасности. Во училиштето има наставници обучени за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето и пакет за прва помош и има безбедносен план,план за заштита и план за евакуација за постапување во случај на елементарни непогоди. Училиштето најмалку еднаш годишно не изведува симулација. Во училиштето/училишните згради има 10 хидранти, 45 ПП апарати сервисирани август 2023 година од страна на СИГУРНУСТ – ДП ДООЕЛ Скопје, извршено мерење на громобранова инсталација и инсталирано интернет мрежа и телофонска врска.

Училиштето, вработените и учениците се осигурани од страна на ..............осигурителна куќа.

Училиштето има Кодекс на однесување и Куќен ред во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните и доследно се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците. Училиштето организира активности за заштита на учениците од сите облици на насилство како што се психичко, емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, електронско насилство, семејно насилство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите.

Училиштето има и спроведува политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанции. Во училишниот простор поставени се знаци и натписи за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и користење на наркотични супстанции. Училиштето не организра предавања за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето нема пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани.

Училиштето нема организирана исхрана за учениците.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Во училиштето еден ученик со е со физичка попреченост.

Инклузивниот тим на училиштето не дава целосна и навремена поддршака на наставниците. Пристапот во училиштето на првиот спрат е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Инвентарот во училниците не е соодветен на потребите на учениците и не постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост.

Во училиштето во последните три учебни години 50% од учениците се од социјално загрозени семејства. Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците што заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Училиштето редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.Дворот на училиштето е чист и делумно

хортикултурно уреден. Во дворот,училница и во санитарните јазли има корпи за отпадоци.

Училиштето воспитно делува на учениците да ја одржуваат личната хигиена има програма за превенција од заразни болести, предавања од стручни лица нема.

За учениците училиштето организира систематски преглед, а за вработени санитарен и лекарски прегледи. Лекарски преглед на вработените е извршен во јули 2023 година во ПЗУ„ Лукс медикус“,а санитарниот преглед е извршен во септември 2023 година во ЈЗУ„Центар за јавно здравје“ – Скопје.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците што поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат за сите ученици што имаат потреба од таков третман во соработка со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа). Во училиштето нема ученици со хронично заболување.

### 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето на учениците им обезбедува јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел организира сопствени активности, врши самооценување на вештините и интересите на учениците, има Центар за кариера и се врши индивидален разговор со ученик за професионалното насочување. Инклузивниот тим не работи на професионалната ориентација за учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето редовно не ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија.

### 4.4 Следење на напредокот

Најголем број наставници имаат податоци за постигнувањата, редовноста и поведението, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. За постигањата на учениците постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните раководители, наставници и мал број од родителите .

Класните раководители подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуална евиденција за учениците. Подготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат до стручните соработници и до раководниот кадар на понатамошна обработка. Податоците од постигањата по струка, профил, година се целосно достапни за сите други наставници, родителитена на родителски средби и учениците на класен час не се информираат за резлутатите. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо по работно оспособубвање на учениците и нивно вработување кај работовадец и можност за потик и поддршка за сопствен бизнис. Училиштето е инклузивно, безбедно во внатрешниот простор и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам, но делумно поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи меѓу најголем број наставници. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед.

Училиштето има Кодекс на однесување на наставниците и учениците,и Куќен ред во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето од страна на наставниците, учениците и родителите. Кодексот не е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување не е на транспарентнтно.

Во училиштето меѓу поголем број наставници постои професионална соработка. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на училиштето. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Кај поголем број наставници постои работна атмосфера за време на наставата.Најголем број ученици се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во последните три учебни години изречени се 706 педагошки мерки од нив 309 писмена опомена од совет, 175 писмена опомена од директор, 133 пред отстранување, опомена отстранување 79 и педагашко мерка отстранување изречена е на 8 ученика . Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки.

Училиштето има формирана ученичка заедница која делумнно учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Учениците навремено и целосно не се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивни непосреден интерес и редовно не учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици. Најголем дел од наставниците успешно ја организираат средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Поголем број ученици имаат високи очекувања од самите себе и од другите, за повисоки постигнувања на ниво на училиштето и афирмација на училиштето преку учество на напревари и културни настани. Помал број наставници го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигнувања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална

средина. На училишно ниво не се избира ученик на генерација,имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во вонанаставните активности.

Училиштето нема пишана процедура за поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и на меѓународно ниво. Училиштето нема развиен систем на наградување на учениците и наставниците што постигнале успех на натпревар. Училиштето нема воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата, но не ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето не организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.

Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности,како и почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Најголем број ученици не знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција и дискриминација.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Пред спроведување на интегралната евалуација со Решение бр.02-309/4 од 5.03.2024 година има формирано тим за МИО од 11 члена, нема партнер училиште, активности организра со учениците од училиштето. За реализрање на активности обука посетиле 30 наставника.Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници кои живеат во нашата земја без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

Мал број наставници имаат планирано интегрирани содржини од МИО и планираните ги реализираат согласно планираната динамика.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето делумно планира активности и организира средби за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите недоволно се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема од нивната професија, како и во вонанаставните активности. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби но нема определено приемен ден. Училиштето нема доказ за избор на претставници на родителите во училишен одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето не се достапни на најголем број родители . Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Во соработува и со поддршка од Град Скопје, МОН, МТСП, МВР, Светска банка, УСАИД, ОБСЕ, МЦГО, Швајцарска агенција за развој и соработка и од други институции училиштето спроведува 6 (шест). Училиштето во соработка со

родителите не превзема активности за волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата. Локалната заедница (основачот) и урбаната заедница се вклучуваат во подобрување на условите за работа во училиштето.

Училиштето има добра соработка со локалната зедница и деловната заедница.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училиштето е тврда градба изградено 1947 година. Училиштето работи во два објекти: зграда за теоретска настава – 5.550 m2 на два ката, зграда за практична настава со работилници и кабинети – 1.300 m2 со двор 1.1790,50 m2, згради за дополнителни дејности - 643,73 m2 , спортска сала - 1.000 m2 , полигон - 30.000 m2 , автоплац за стари возила - 880 m2 и зелена површина – 5.000 m2.

Воспино-образовна работа во зградата за теоретска настава се изведува во 19 училници, 5 специјализирани кабинети, 2 кабинети по информатика и 1 библиотека со читална, во зграда за практична настава се изведува во 4 одделенија (автолимарско одделение, автолакерско одделение со комора, автоелектроничарско одделение и автомеханичарско одделение) и 2 кабинета (кабинет по мотори и кабинет за автоелектроника по ГТЗ), фискултурна сала, нема надворешен спортски терен. Училиштето има простории за административно помошно-технички персонал, магацин, просторија за директор и помошник директор, секретар, наставници, стручна служба. Во училишниот простор има и полигон и згради за дополнителни дејности (станица за технички преглед, техничка служба БЗР – безбедност и здравје при работа, автошкола, автосервис и автоперална, канцеларии за одговорни лица). Работилниците, кабинетите и училиниците се опремени со наставни и нагледни средства како и опрема.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности. Училишната зграда и просторот (ходници, фискултурна сала, училишен двор) делумно се се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето не располага со стручна литература и наставни средства и помагала по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно – образовниот процес. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ги користат во наставата и во учењето. Учењето, организирањето и реализирање на наставен час кај мал број наставници е со користење на ИКТ опрема. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет. Училиштето не располага со нагледни средства и помагала за учениците со посебни образовни потреби,има нагледни средства за ученикот со оштетен вид.

Училишната библиотека располага со 5883 книги, 2369 лектирни изданија, 2924 стручна литература. По сите наставни предмети од страна на МОН не се доставени учебници. Библиотеката добро е уредена со читална.

Библиотекарите водат пишана и електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката работи во текот на училишниот ден со изготвен распоредот за работното време на библиотекарот. Библиотекарот не води библиотекарска секција и во соработка со наставниците не избира најдобар читател.

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети.Сите наставници и стручни соработници не се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби. Раководниот орган и најголем број од наставниците се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција. Не постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичната обука за нововработените наставници и стручни соработници.

Наставата ја реализираат вкупно 67 наставника, од нив 3 наставника се со несоодветно образование вработени по пат на јавен оглас. Според образовниот профил 61 наставник е со високо образование. На неопределено работно време се 60 наставника и 7 наставника се на одределено работно време од нив 1 наставник е наставник - приправник. Според полот 24 се жени и 43 се машки, според етничката припадност 35 македонци, 31 албанци и 1 турцин. Од други училишта во училиштето настава реализираат вкупно 6 наставника, од наставниците вработени во училиштето во друго училиште настава реализира 1 наставник. Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вонnаставните активности. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручнат служба и административно-техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Со наставник приправник работи ментор согласно изготвена програма за работа.

Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи 3 (три) стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При вработување на наставници и стручни соработници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативот. Во училишната библиотека ангажирани се две лица со полно работно време вработени во училиштето на работно место наставник. Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето превзема активности за соодветна замена со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови.

Училиштето има стручна служба (педагог,психолог,дефектолог,социолог и библиотекар) која соработува со наставниците, го следи напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби училиштето и стручните соработници имаат план за следење и работа со учениците.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Поголем број наставници и стручни соработници имаат изработен личен план за професионален развој, најголем број од планираните активности не се во согласност со планирани обуки одобрени од министерството за образование и наука. Училиштето на основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој. Во последните три учебни години сите наставниците согласно програмата и личниот план не учествувале на обуки, на обука била одреден агрупа наставници и по обуката не секоаш се вршела дисиминација и на другите наставници. Училиштето нема добра

практика за дисеминирање на искуствата здобиени од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот. Наставниот кадар и стручните соработници имаат професионални досиеја но истите континуирано не се ажурирани.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и  има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

# 7. Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Со училиштето управува Училишнен одбор (УО) конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, водејќи сметка за родовата и етничката структура. Сите членови се со важечки мандат. УО има програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. УО нема Деловник за работа, има програма за работа. При одржување на седница членовите недоволно се интересираат за запознавање со содржината на точките на дневен ред, ги поддржуваат сите одлуки во интерес на целокупната работа на училиштето.

Соработката со раководниот орган на училиштето е добра. Според изјаснувањето на членовите, училиштето навремено обезбедува сеопфатни информации за работењето.

Раководен орган на училиштето е В.Д.Директор, именуван со Решение Бр.08-1143/1 од 2.02.2024 година од Градоначалникот на Град Скопје.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Фокусот на работењето на директорот е на: унапредување на квалитетот на наставата и зајакнување на компетенциите на наставниот кадар преку обуки, доопремување на кабинетите за практичната настава, зајакнување на соработката со деловната заедница (бизнис секторот) и афирмирање на училиштето со цел зголемување на интересот за упис во училиштето. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница особено во подигање на нивото при реализирање на практичната настава.

Советот на родители е во состав од седум член. Работата на Советот на родители е планирана со програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Советот на родители има Деловник за работа бр.01-2942 од 2.12.2011 година, кој не е донесен од страна на Светот, истиот е донесен од страна на УО.Советот на родители делумно е активен, нецелосно е информирани за нивните надлежности и одговорности. На седниците присуствува наставник истиот ги води седниците.

## 7.2 Креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата, а вклученоста на родителите и учениците делумно задоволува. Училиштето соработува со воспитно-образовни установи, органи и институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики. Вработените во училиштето, учениците и останатите чинители активно не учествуваат во подобрување на политиките, како и во активностите за нивно остварување.

Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите. Училиштето ги информира наставниците за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Директорот има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето;
- Реализирање на проекти од образовен карактер;
- Работно осбособување на учениците

## 8.2 Слаби страни

- Дополнителна и додатна настава од страна на сите наставниците по распоред во целост не се реализра;
- Индивидуален образовен план за учениците со посебни образовни потреби не се изработува по сите наставни предмети;
- Училиштето не приложи Решение за верификација на помал број на образовни струки;
- Нефунционален Совет родители;
- Ученикаta заедница делумно учествува во донесување на одлуки за прашања кои се во интерес на учениците и истите не се известуваат навремено и целосно;
- Не е изведена симулација за во случај на елементарна непогода

## 8.3 Препораки

- ***Да се реализира дополнителна и додатна настава по распоред;***
- ***Да се изработи индивидуален образовен план за ученик со посебни образовни потреби по сите наставни предмети;***
- ***Училиштето да превземе мерки и активности за добивање на Решение за верификација***
- ***Советот на родители да функционира согласно Деловникот за работа***
- ***Поголема вклученост на ученичката заедница при донесување на одлуки, целосно и навремено известување на учениците за работи што се од ниввен непосреден интерес.***
- ***Да се изведе симулација за во случај на елементарна непогода***

| | |
|---|---|
| Сенад Сулејмани, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Мирјана Насковска, член на инспекцискиот тим | |
| Тони Илиев, член на инспекцискиот тим | |